**ЛОКОМОТИВА**
**центар за нови иницијативи во уметноста и културата**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2012г.

**Локомотива–Центар за нови иницијативи во уметноста и културата**
Ѓуро Ѓаковиќ 39/3, 1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +38923245726, www.lokomotiva.org.mk, contact@lokomotiva.org.mk

# I. КРАТОК ОПИС НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата е основана во 2003 година во Скопје, како здружение на граѓани кое ја превзема улогата на повеќенаменска платформа за образование, рефлексија, дискусија, креативни проекти и критичко размислување. Локомотива е мала организација, но е многу активен учесник во градењето и развојот на демократскиот социо-културен простор во Македонија и регионот на поранешна Југославија. Преку нејзините активности, Локомотива има за цел да овозможи подобар пристап на граѓаните до уметничките и културни настани и проекти и да влијае на развојот и поддршката на современа и динамична уметност и култура, како поттик во развојот на демократското општество.
Локомотива е еден од најпочитуваните непрофитни организации во областа на уметноста и културата во регионот на поранешна Југославија, како и во Европа. Нејзината репутација се должи на развојот и успешното спроведување на бројни проекти, како што се филмови, претстави, образовни програми и програми за развој на капацитети, дебати, истражувања во доменот на културните политики, дискусии, и многу повеќе. Во реализација на проектите, организацијата и дава приоритет на регионалната и меѓународната соработка. Локомотива е ко-основач на проектот - мрежата на НОМАД танцова академија и фестивалот за современ танц и перформанс - Локомоушн. Од своето основање, организација има активна улога во развојот на локалните културни политики.

**Визија**
Локомотива да биде платформа, динамично и отворено место за креација, извор на информација, платформа за развој на нови дискурси и идеи, иновативни современи дела кои ќе поттикнат социјални и културни развојни промени на национално, регионално и интернационално ниво.

**Мисија**
Локомотива, своето делување да го насочува кон креирање на нова и динамична граѓанска средина во Македонија простор за рефлексија, дискусија и креација кој ги застапува потребите на актерите на сцената и ги артикулира во нови современи дела.

**Главна цел** на Локомотива е да развива нови модели на културна продукција и политика преку активности во полето на современите уметности-изведувачки уметности (со фокус на современ танц), видео, експериментални и документарни филмови, застапувачки активности за учество на граѓанскиот сектор во креирање и имплементација на културни политики и активности за јакнење на капацитети на единиците на локална самоуправа и културниот сектор (јавен и граѓански) со цел развој на партицпативни модели на креирање на територијални стратегии и програми за развој преку културата.

**Целни групи:**

- Уметници: млади танчери и кореографи (студенти по музика и балет во средно училиште, студенти по современ танц на отсекот за балетска педагогија, при Музичкиот факултет, самостојни кореографи и танчери од балканскиот регион, студенти и дипломирани тетарски режисери и глумци, и.т.н), млади филмски

работници и визуелни уметници (студенти и дипломци од Факултетот за Драмски уметности и независни филмаџии и глумци)
- Културни работници од граѓанскиот сектор, неформални уметнички асоцијации, артивистички и активистички групи, маргинализирани и суб-културни групи кои го претставуваат независниот културен сектор и слични организации кои работат во полето на родовата сензибилизација и граѓанските права.
- Национални и локални јавни културни институции во земјата.
- Креатори на политики, носачи на одлуки на локално, национално и регионално ниво.

**Основачи на Локомотива:**
Биљана Тануровска Ќулавковски, Искра Шукарова, Наташа Димитриевска, Љупчо Тануровски, Илчо Цветкоски.

**Тимот на Локомотива за 2012 година**:
Биљана Тануровска – Ќулавковски - извршен директор/програмски уредник; Виолета Качакова - проектен менаџер/програмски уредник, културна политика; Катарина Тоциноски – асистент проект менаџер, Искра Шукарова - уметнички координатор; Наташа Димитриевска – уметнички координатор; Љупчо Тануровски - техничка поддршка.
Соработници: Кире Миладиноски, Драгана Заревска, Александар Георгиев, Викторија Илиоска

**Мрежи:**
**Локомотива е еден од иницијаторите и ко-осничачи на:**
- *Balkan Express Network*
- *Balkan Dance Network*
- *NOMAD Dance Academy* - http://www.nomaddanceacademy.org/
- Номад танц академија - Мрежа за застапување во полето на современите изведувачки уметности
- ЈАДРО-Асоцијација на независната културна сцена во Македонија - http://www.jadroasocijacija.org.mk

**Локомотива е партнер и член на:**
- Градина на Европа/*Jardin D'Euope*- http://www.jardindeurope.eu/
- *Long Life Burning* - http://www.lifelongburning.eu/

**Интернационални мрежи и асоцијации со кои соработува Локомотива:**
- Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА) - http://www.alda-europe.eu/
- *IETM*-Интернационална мрежа за современи изведувачки уметности
- *Culture Action Europe* - www.cultureactioneurope.org/
- *Clubture* - http://www.clubture.org/
- *Druga Scena* – http://www.drugascena.org/
- *A Soul of Europe* -http://www.asoulforeurope.eu/

**Програми**
Во рамките на програмските целини на Локомотива се реализирани бројни културни и уметнички проекти и активности: уметнички перформанси, современо-танцови и филмски продукции, предавања, дебати, презентации, работилници, конференции, едукативно - развојни проекти, истражувања итн.
Она што ги поврзува сите програми е преисчитување на продукциските модели, образовните пракси, институционалните пракси и општествените дискурси, моделите на здружување и партнерска соработка. Преисчитувањето и критичкото промислување овозможува развој и застапување на потребите условени од општествените промени. Сите програми имаат цел да понудат нови пристапи и модели на соработка, продукција и едукација кои допринесуваат во општествениот развој и демократско живеење.
Во своите програмски целини Локомотива развива интередисциплинарен пристап и во своите програми вклучува активности кои го поддржуваат професионалниот развој и доживотното учење преку едукација, креација и продукција, уметничка размена, дифузија, истражување, предавања, презентации, јавни дебати и вмрежување, а истиот е застапен и акцентиран со посебна намена во рамките на конкретна програмска активност.

**Програмите на Локомотива** се структурирани со цел да развиваат интердисциплинарен пристап и содржат едукација, креација и продукција, уметничка размена, дифузија, истражување во полето на културната политика, отворање на простор за дебатирање во полето на културните политики, вмрежување, итн.

**Цели на програмата за 2012 година**

- Развој на граѓанскиот сектор во областа на културата - креирање на нова и динамична граѓанска средина во Македонија која ќе партиципира во процесите на креирање на јавни (културни) политики;
- децентрализација на културата;
- партнерство и соработка помеѓу јавните централни, регионални и локални власти и институции и граѓанскиот сектор;
- зајакнување на професионалните капацитети на локалната администрација и културните работници во граѓанскиот сектор за култура и јавните културни институции, како и на уметниците;
- спроведување на модели на едукација и до-едукација во доменот на современата уметничка практика и теорија кои не се застапени во формалното образование;
- нова современа уметничка продукција;
- трансфер на знаење;
- критичко мислење и развој на културните потреби;
- развој на нова публика;
- вмрежување на национално, регионално и интернационално ниво.

## II. ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИНИ И АКТИВНОСТИ НА ЛОКОМОТИВА ВО 2012 г.

**1. РЕФЛЕКСИИ**

Програма за истражување и развој на културните политики и застапување на потребите на заедницата

1.1 ПРОЕКТ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА помеѓу Македонија и Долна Нормандија/програмска целина за Културни политики
1.2 НОМАД танц академија-Мрежа за застапување во доменот на независните изведувачки уметности и реализација
1.3 ЈАДРО-Асоцијација на независната културна сцена во Македонија, платформа за застапување на потребите на културните работници и уметници од граѓанскиот сектор
1.4 КООПЕРАТИВА-Регионална мрежа за култура, мрежа за застапување на потребите на независниот културен сектор од регионот на Југоисточна Европа/Балканот
1.5 КОНФЕРЕНЦИЈА: "КАКО ДА СЕ УРЕДАТ НЕШТАТА СО ОКОЛНОСТИТЕ"
1.6 Издаваштво

**2. ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ (УМЕТНОСТ и КУЛТУРА)**

Програма за долгорочно учење и развој на професионалните капацитети во полето на уметноста наменета за уметниците, теоретичарите, критичарите на уметноста, социолозите и културните работници од НВО секторот и членовите на организацијата.

2.1 НОМАД танц академија/*Jardin d'Europe*
2.2 ЛОКОМОУШН-Фестивал за современ танц и перформанс
2.3 Изведувачките уметности и телесните култури и политики (триделен академски семинар
2.4 Соработка со фестивали и програми за современа уметност

**ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ЛОКОМОТИВА РЕАЛИЗИРАНИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИНИ ВО 2012 г.**

**1. РЕФЛЕКСИИ**

Програма за истражување и развој на културните политики и застапување на потребите на заедницата.

Оваа програма е наменета за иницирање на реформи во уредувањето на системот во кој се одвива културниот развој во земјата. Програмата се спроведува преку неколу проектни активности во рамки на кои се застапува потребата на одредени засегнати страни.

Ние сметаме дека прашањето на културата е едно од најважните општествени прашања кое влијае на севкупниот општествен развој. Постои ургентна потреба за поинакво промислување на врските и влијанијата помеѓу општеството и културата со цел да се стимулира дијалог, да се зајакнат компетенциите на учесниците и да се зајакнат демократската култура и културата на демократијата.

Да се обезбеди плурализмот и диверзитетот на уметнички израз во едно општество значи да се изгради систем кој тоа ќе го поддржува, односно систем кој ќе поддржува нов, современ, слободен авторски израз и жива уметност.

Преку оваа програма Локомотива се стреми да влијае и допринесе во градењето на тој систем.

Активностите во таа насока се развиваат во рамки на проектот за Децентрализирана соработка МК/ДН (каде Локомотива ја води оската за Културни политики), активно учество во формирање и функционирање на асоцијацијата на независната културна сцена во Македонија (ЈАДРО) и застапувачките активности во доменот на современите изведувачки уметности.

### 1.1 ПРОЕКТ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИРАНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА ФРАНЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Децентрализираната соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија започна во 2007 година. Иако се работи за институционална соработка (Регион Долна Нормандија – Македонија преку Министерство за локална самоуправа), активностите од проектот се групирани во 6 дела (програмски целини) и спроведувани од француско-македонски „тандем организации". Овој проект е насочен кон зајакнување на локалното владеење, поддршка на регионалниот развој, еднаква застапеност на руралните и градски средини во сите теми на соработката, кон развивање на капацитетите на единиците на локална самоуправа, институциите и локалното население во Долна Нормандија и Македонија како и кон разменување на позитивни практики вредности и искуства. Главната цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на локалните власти за спроведување на процесот на децентрализација, да се поттикне учеството на граѓаните и да се помогнат во остварување на одржлив развој преку креирање на територијални јавни политики следејќи го моделот "од долу нагоре".

Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА) е генерален координатор на сите активности. Програмата за децентрализирана соработка е финансиски поддржана од страна на Регионот Долна Нормандија и Министерството за надворешни работи на Франција.

Локомотива е македонски партнер и носител на програмската целина посветена на *Културните политики.* Партнер од француска страна во 2012г. е Регионалниот центар за култура, етнологија и техника – *CRéCET* (Долна Нормандија)

Главен локален партнер на Локомотива е Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) и проектот се извршува со активно учество на сите (9) општини кои овој регион ги обединува; културните институции и граѓанските организации активни во доменот на културата, уметници и граѓани на Република Македонија.

<u>Целни групи</u>: Единиците на локална самоуправа во Р.Македонија со посебен фокус на Пелагонискиот регион и деветте општини кои ги обединува, културните институции и граѓански организации активни во доменот на културата, уметници и граѓани на Р. Македонија, Министерството за локална самоуправа и Министерството за култура.

<u>Активностите</u> во рамките на проектната оска за Културна политика и културна размена се посветени на развој на културната политика (креирање на стратегии за локален/регионален културен развој), децентрализацијата во културата, поттикнување на партнерска соработка помеѓу националните, локалните институции и граѓанскиот сектор, како и поттикнување на директна соработка помеѓу институции и културни актери од Р. Македонија и Долна Нормандија. Активностите се развиваат согласно определбата дека културата игра значајна улога во целокупниот развојот на земјата (економски, социјален), а јадрото од каде треба и се иницираат промените и развојот, е локалната средина (општина, град) и регионот кој ги поврзува. Меѓутоа, локалниот/регионален контекст во кој треба да се иницираат овие промени е

недоволно развиен како резултат на долгогодишниот централизиран систем на одлучување и управување и недостигот на контролни механизми (стандарди и принципи) во спроведување на севкупниот процес на децентрализација, како и фискалната децентрализација како значаен сегмент на овој процес. Се уште се неразрешени надлежностите околу менаџирањето и финансирањето на локалните културни институции, вклученоста на граѓанскиот сектор во процесите на планирање на културниот развој е на исклучително ниско ниво, партизација во раководните органи на институциите во културата е присутна, а постои потреба од професионализација на кадрите, со фокус на менаџерите кои ќе ги раководат институциите и организациите, како и потребата од интерсекторско поврзување при креирање и имплементирање на различни развојни програми.

Со цел да се придонесе во надминување на дел од наброените проблеми и подобрување на условите и капацитетите на локалните културни актери, кои би воделе кон креирање на апликативна стратегија за локален/регионален културен развој, Локомотива ја спроведува програмата преку следниве типови на активности:

- Професионална до-едукација, Преку организација на тематски работилници за претставници на општините, културните институции и граѓанскиот сектор од Пелагонискиот регион, која започна во 2011г.
- Развој на регионална соработка (Работа на регионална стратегија за култура и развој на регионална културна мрежа 2012г.)
- Креирање платформи за взаемно информирање и размена на искуства и знаење за децентрализација во културата во Долна Нормандија и Македонија (конференции и работни посети за размена на искуства 2009/2012)
- Професионални стажеви на претставници на јавна администрација и културни институции од Македонија во сродни инстуции од Долна Нормандија (2007/2009)
- Уметнички копродукции помеѓу културни институции и организации од двете територии (во доменот на изведувачки и визуелни уметности 2008/2009);

АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2012:

1. <u>Работилница за стратешко планирање и проектен менаџмент (во рамки на активностите за професионална до-едукација)</u>
   <u>7-10 мај, Битола</u>

Учесниците на работилницата беа претставници на јавните културни институции и претставници на културниот сектор од деветте општини во Регионот Пелагонија.

Работилницата се состоеше од теоретски дел (предавања и студија на случаи) и практичен дел (работа во групи).

Теоретскиот дел се состоеше од две целини: Проектен менаџмент и стратешко планирање.

Во работниот дел од првата целина, Биљана Тануровска – Ќулавковски направи вовед во менаџментот на култура во кој се даде осврт на полето на делување и опсегот на активности вклучени во оваа научна дисциплина, неговиот развој во теоријата и праксата, цели на менаџментот во култура, типови на менаџери и менаџерски занимања; дефинирање на културните потреби, услови за нивен развој, видови на културни потреби и пречки во нивно задоволување.

Предавањето продолжи со проект-менаџмент, негово дефинирање и главни карактеристики, англосаксонскиот во однос на франкофонскиот пристап по однос на

проект-менаџментот, проектна методологија, животен циклус на проектот, типови на проекти, форми на културна дисеминација и пишување на проекти.
Потоа следеше излагање на тема финансирање на проекти во кое Виолета Качакова ги опфати следните теми: како да се најдат потенцијални донатори, кои информации треба да се имаат за нив, видови на финасиска подршка за финансирање во културата и изработка на буџет (основни категории на трошоци и извори на средства и нивна распределба). Исто така, се даде практичен пример за изработка на буџет во колаборативни проекти.
На 9-ти и 10-ти мај, работилницата продолжи со излагањата на Кристина Кујунџиќ и Маријана Цветковиќ – Марковиќ, кои ги претставија основите на стратешкото планирање во културата, изработка на визија, мисија, цели и план на активности, изработка на СВОТ анализа и модели на евалуација на постигнатите резултати. Исто така тие презентираа и студија на случај – Проект за унапредување на работата на културните институции, јакнење на капацитетите на културните актери, и креирање на услови за оддржливо подобрување на културниот живот во пет регионални центри на Југоисточна Србија.
Што се однесува до практичниот дел, во двете тематски сесии учесниците кои беа поделени во две работни групи, работеа на: изготвување на предлог проекти за регионална соработка во доменот на култура (тематска сесија – проект менаџмент) и регионална СВОТ анализа (тематска сесија – стратешко планирање)
Резултатите од работата беа презентирани, дискутирани и анализирани од страна на предавачите и учесниците.
Тематскиот опсег на работилницата се состоеше од тематски анализи и модели на развој на културните потреби, стратешки третман на културните проекти и нивното влијание на институционалниот и територијалниот развој, подготовки и имплементација на регионални проекти, механизми на финасирање, инструменти на стратешко планирање и неговото влијание на долгорочен и оддржлив институционален и територијален развој.
Предавачи и модератори на работилницата:
Проектен менаџмент: Биљана Танауровска Ќулавсковски и Виолета Качакова
Стратешко планирање: Кристина Кујунџиќ и Маријана Цветковиќ – Марковиќ

2. <u>Работа на Стратегија за регионален развој на културата во Пелагонија (во рамки на активноста за развој на регионална соработка)</u>

Изработката на оваа стратегија се реализира во неколку фази, според методологијата за спроведување базирана на учество на засегнатите страни во планирање Методологија:
*Работилници за анализа на состојбите* -Во 2011 се направи територијална анализа потенцијалите, проблемите и потребите во доменот на културата во пелагонискиот регион.
*Формирање на координативно тело од регионот* – Ова тело изработи регистри на јавни културни институции, манифестации, здруженија на граѓани и самостојни уметници кои активно работат во Пелагонискиот регион, како и на постоечките проекти и активности, и оние кои имаат потенцијал за развој на културен туризам и културни индустрии.
*Прашалници* - за општините, институциите, здруженијата на граѓани и постоечките фестивали и манифестации за нивната организациона структура, карактерот на

понудените културни и уметнички содржини и лицата/телата одговорни за донесување и имплементација на истите, моделите на одлучување и финансирање.
*Размена на искуства*- реализирање на посети во Долна Нормандија и запознавање со системот на децентрализација во културата, како и културните политики на ниво на регион.
*Анализа на податоци* - Во 2012 се работеше на анализа на добиените податоци од спроведените истражувања и се направи анализа на територијалниот и културен контекст во Македонија земајќи ги во предвид соодветните законски рамки поставени во доменот на регионалниот развој и културата. Сите овие податоци како и добиените резултати од активностите што се спроведуваа во Пелагонискиот регион во текот на 2010/2012 основен материјал врз кој се базира изработката на Стратегијата за регионален развој на културата во Пелагонија која заедно со акционен план ќе се финализира и публикува во 2013, и ќе се однесува на периодот 2013-2016г.

3. Креирање на регионална мрежа за култура во Пелагонија (во рамки на активноста за развој на регионална соработка)

Овој тип на мрежа за прв пат се формираше во Р.Македонија и има за цел да ја зајакне меѓуопштинската соработка во рамките на регионот, како и преку-граничната и интернационала соработка на регионот со други региони. Таа има неформален карактер со раководен орган – координативно тело со мандат од една година, составено од: Рубин Николоски (ЦРППР), Љупчо Крстевски (општина Ресен) и Владо Деспотовски (општина Кривогаштани). Во рамките на основачкиот состанок се усвоија принципите на работа, начинот на донесување на одлуки, целите и правилникот на работа на мрежата. Одлуките донесени од страна на мрежата ќе се доставуваат до општините со цел да се земат во предвид при креирањето на локалните програми и стратешки документи, додека пак тие што се однесуваат на регионално ниво ќе бидат предложени и разгледувани на седниците на Советот за развој на Пелагонискиот регион. На состанокот исто така дискутираше за програмата на на првото издание на Регионалните денови на Културата кои се случија на крајот од Септември, почеток на Октомври 2012.

4. Размена на практики во локално самоуправување и потенцијали/етапи во развојот на културните мрежи во регионот на Пелагонија (Македонија) и областа на Заливот Мон Сен Мишел (Долна Нормандија)
26-30 јуни, областа на Заливот Мон Сен Мишел

Главна цел на оваaа работна посета беше да се разменат знаење и практики за локалното самоуправување на општините и начинот на работа на јавните културни институции од двете територии, со фокус на работата на организацијата и културниот сектор и неговите интерсекторски соработки со секторот од туризмот, во врска со постоечките јавни полтитки и програми. Програмата од посетата беше развиена од Регионалниот центар за култура, етнологија и техника – *CRéCET* (Долна Нормандија) и Локомотива (Македонија), водечки партнери на оската Културни политики.
Претставниците од Македонија кои земаа активно учество во работната посета беа:

- Виолета Качакова, Проект менаџер во Локомотива, Координатор на проектот за Децентрализирана соработка помеѓу Македонија и Долна Нормандија.
- Рубин Николовски, претставник на Центарот за Регионална соработка на регионот Пелагонија;
- Владо Деспотоски, Претставник на општината Кривогаштани;

- Љупчо Крстевски, Претставник на ресурсен центар на општина Ресен
- Даниела Котеска, преведувач

Претставници од Долна Нормандија кои земаа учество на оваа работилница се:

CRéCET:

- Пјер Шмит, директор на Регионалниот центар за етнолошка култура и техника (CréCET)
- Одре Полмие, координатор на програмата за децентрализираната соработка во CRéCET

Земјата на Заливот на Мон Сен Мишел :

- Мишел Каенс, претседател на Комисијата за солидарност, култура, здравство и социјални работи
- Сандрин Пуле, одговорна за комуникација, култура и животна средина
- Изабел Пасили, одговорна за Фондот LEADER
- Ебба Бјеркандер, стажант, задолжена за мапирање и анализа на културните актери на територијата монт Сент Мишел

Регионална културна институција од Дисе (*Relais Culturel Régional de Ducey*):

- Доминик Гаје, директор на Relais Culturel и *Musique Expérience*, експерт DLA1 - *Dispositif Local d'Accompagnement* - Диспозитив за локална поддршка и насоки на уметнички и културни структури во Долна Нормандија, Бретања, Пеи де ла Лоар и Пуату Шарант

За време на посетата беа реализирани различни состаноци со претставници на: локалната администрација областа на Заливот Монт Сен Мишел (секторите за култура, млади, туризам) и неколку локални општини (Заедницата на општини Ст. Џејмс, Заедницата на општини на Гренвил, Сен Пер сур Мер, здружените општини – Изињи-ле-Буа) и културните институции: Регионална културна институција од Дисе (*Relais Culturel Régional de Ducey*) и Ла Бренш-Регионален центар за циркуски уметници) Споменатите месни заедници и културни институции, помеѓу останатите на територијата на обалата Сен Мишел ќе бидат вклучени во работата што ќе започне 2013 на оваа територија, поврзана со креирање специфични културни мрежи во соодветниот контекст и стратегија за културен развој, следејќи ги позитивните практики и методологии востановени во Пелагонискиот регион.

Дополнително, состанокот со Ла Бреш-Регионалниот центар за циркуска уметност беше искористен за дискусија и договарање за презентација на современата циркуска трупа од Долна Нормандија, на Регионалните денови на култура во Пелагонија на крајот од Септември 2012.

### 1.2 НОМАД ТАНЦ АКАДЕМИЈА - Мрежа за застапување во полето на современите изведувачки уметности

Оваа проектна активност Локомотива заедно со партнерите од Номад танц академија ја развива во 2012г. Земји (организации/партнери) инволвирани во мрежата: Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Бугарија, Албанија, Романија, Унгарија, Австрија, Белгија, Швајцарија, Германија и Шведска. Проектот е поддржан од Швајцарската програма за култура на Западен Балкан и преку Програмата Исток Исток: Вонгранично партнерство на ФООМ. И покрај тоа што станува збор за едногодишен проект, дел од активностите ќе продолжат во 2013г. – дистрибуција на

резултатите од 2012, финализација и презентации на *Experiance Box* (искуствени алатки) за застапување.

НОМАД Танц Академија (НТА), после 7 години работа во полето на едукацијата, продукцијата и структурно вмрежување како и креирање на силен импулс за развој во уметничкото поле, во 2012 година се посвети на застапување. Причината за тоа е непостоењето на простор за одржлив раст, развој, дури и за обезбедување на постоечките позиции, без да се оствари поактивна соработка со јавните институции во регионот. НТА, современиот танц и перформанс, но и целото поле на современата култура и уметност имаат итна потреба за активирање на постоечките уметнички и структурни извори, и за креирање на нови, постабилни услови за работа, за едукација, истражување, продукција и соработка во регионот. Оттаму, *главната цел* на развојот на НТА мрежата и како застапувачка платформа беше да се обезбеди поголем партиципативен пристап во развојот на политиките, видливост и интернационална промоција на изведувачките уметности од Балканот. Специфични цели и промени кои мрежата тежнее да ги постигне преку овој процес се: јакнење на капацитетите на националните и регионалните членови и партнери на мрежата за иновативно застапување преку јавни настани, истражување и развој на сет со алатки за застапување; зајакнување на надлежностите и релевантноста на Номад танц академија мрежата во процесите на креирање на политики на национално, регионално и интернационално ниво; и подигнување на видливоста на Номад танц академија мрежата.

Процесот на застапување е комплексен и бара соодветни знаења и искуства. Со оглед на недоволните искуства за застапување помеѓу членовите на НТА, како и пошироката заедница за современи изведувачки уметности, проектот опфати повеќе развојни фази, преку реализација на континуирани активности насочени кон развој на: човечки капацитети за застапување, алатки за застапување, инструменти за пренос на стекнатите искуства и организирање на регионален настан од застапувачки карактер.

Во 2012 година, низ креацијата на мрежата за застапување и нејзините активности НТА ја насочува својата работа кон развојот на заедницата – и специфични за територијата модели за застапување, со цел за подобрување на регионалните културни политики низ фокусирани и структурирани акции за застапување и градење на капацитети.

Активностите кои се спроведени во период на 2012 година се:

1. *Состанок на членовите и партнерите на НТА (Скопје, 27-29 јануари 2012)*

Состанокот имаше за цел понатамошно развивање и усвојување на стратешките одлуки за развој на мрежата, како и за заедничко планирање на застапувачките активности кои ќе се превземаат во текот на 2012 година. На состанокот земаа учество 16 членови на мрежата од Македонија, Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија и Германија.

2. *Ширење на мрежата и планирање на активностите (јануари-април 2012)*

По состанокот во јануари, следеше координација со експерти за застапување и комуникација со новите партнери кои беа поканети да се вклучат во мрежата. Новите организации-партнери кои се приклучија на мрежата (од Албанија, Романија, Унгарија, Австрија, Германија, Шведска, Белгија и Швајцарија) беа поканете да земат учество на работна сесија во Кањижа, Србија. Еден од водечките експерти за застапување во културата, г-ѓа Илона Киш (Culture Action Europe- www.cultureactioneurope.org/), беше ангажирана да им помогне на членовите на мрежата во подготовка и реализација на

програмата за обука, тренинг и следење на процесите поврзани со развој на стратешките насоки за застапување и структурирање на заеднички пораки на мрежата на НТА.

3. *Работилница за застапување (Кањижа, Србија, 21-25 април 2012)*

Главниот фокус на Номад танц академија во 2012 е застапување на регионалните современи изведувачки уметности и за поголема поддршка на регионалната соработка.

Партнери од Унгарија, Австрија, Бугарија, Албанија, Германија, Србија, Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, се собраа заедно да учествуваат на работната сесија со цел да придонесат со своите гласови, знаење и искуства за развој на програмата за застапување во современите изведувачки уметности. За време на оваа работна сесија под водство на Илона Киш учесниците ги разменија искуствата поврзани со специфичните локални политички и културни контексти и третманот на современите изведувачки уметности во нив, и ги анализираа и оценија потребите за понатамошно дејствување. Се дискутираше и за можностите и моделите за подобрување на регионалната соработка, размена, заедничко програмирање и подвижност (во рамките на една регионална културна политика). За време на сесијата, техниката „Најзначајни промени" како избрана техника за мониторинг и евалуација на овој проект, им беше презентирана на учесниците. Заклучокот од сесијата беше сценариото за Регионален јавен настан за застапување, закажан за 08 и 09 ноември 2012 во Скопје, Македонија и акциониот план за следните месеци (мај-ноември 2012).

Оваа сесија е дел од проектот за развој на НТА мрежата, и е поддржан од Швајцарската програма за култура во Западен Балкан и Министерството за култура на Република Србија.

4. *Активности спроведени во периодот мај – октомври 2012 година*

Во периодот што следеше се формираше тим кој ќе работи на истражување и анализа на современите изведувачки уметности во доменот на постоечките културни политики, во кои ќе се даде посебен осврт кон образованието во современите изведувачки уметности, регионалната и интерсекторска соработка. На база на спроведените истражувања до крајот на септември се изготвија анализи на 8 земји: Македонија, Албанија, Бугарија, Србија, Унгарија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Словенија кои беа искористени за публикацијата: *THE PRESENT: NOMAD DANCE ACADEMY 2011/2012*. Истражувањата можете да ги погледнете на http://www.nomaddanceacademy.org/.

Во овој период се финализираа пораките кои НТА ги испраќа до креаторите на културните политики, се направи средба со претставниците на Генералниот директорат за култура и образование на ЕУ во Брисел, и се формираше тим кој работеше на развој на програмата на јавниот настан од застапувачки карактер.

5. *НОМАД ТАНЦ ЗАСТАПУВА - регионален настан од јавен карактер, 8 и 9 ноември 2012, Скопје, Младински културен центар*

На 8 и 9 ноември Локомотива го организираше настанот Номад Танц Застапува (*Nomad Dance Advocates*) во Скопје, како дел од активностите на платформата НОМАД Танц Академија (НТА).

После неколку години интезивна работа во полето на изведувачките уметности, Номад танц академија ги собра своите стари и нови пријатели, партнери, поддржувачи, креатори на културни политики и пошироката уметничка заедница од Балканот и соседството со цел застапување за реформи во културните политики кои ќе ја подобрат соработката во регионот. На настанот присуствуваа и студенти, културни менаџери,

критичари, администратори, претставници од јавни институции од регионот и пошироко, вкупно 66 учесници. Целта на настанот-состанокот беше да се создаде регионална застапувачка платформа за независниот современ танц и перформанс, а Номад танц академија да се употреби како почетна платформа - мрежа која ги нуди своите ресурси за развој.

Барањата кои беа претставени пред креаторите на културните политики од Балканскиот регион од страна на мрежата беа:

- Обезбеден и перманентен простор за работа
- Структурни грантови за организации кои имаат долгорочни и развојни проекти, грантови кои не мораат да бидат големи, но перманентни
- Резиденции за регионална и интернационални уметници и експерти како и за локални уметници кои ги напуштиле нашите земји
- Грантови за мобилност, одвоени од проектните грантови
- Грантови за развојни програми: развој на публика, работа со заедницата, истражување и издаваштво.
- Советот на Министерствата за култура на Југоисточна Европа да го земе во предвид Номад и другите иницијативи и мрежи, нивните резултати и модели на соработка и да ги поддржи како и да им даде видливост
- Дијалог и партнерство во проекти, иницијативи и процеси на креирање на културни политики
- Грантови за регионална соработка

Застапувачките пораки наменети за креаторите на културните политики беа следните:

// Современиот танц е еден од најдинамичните и најпривлечни форми на уметност на Балканот и придонесува за препознавањето на балканските современи изведувачки уметности низ целиот свет. Поради отсуство на основни услови и долгорочна поддршка, постои ризик да ги изгубиме најталентираните уметници за сметка на земји кои нудат многу подобри можности.

Потребно ни е партнерството со вас за одржување на динамиката во секторот и за да успееме да го направиме овој регион лидер на европската сцена.

// Ние, како балканска платформа, ве повикуваме да ја поддржите културната соработка и размена на Балканот преку зголемување на поддршката на проекти од полето на современиот танц во вашите локални, регионални и национални буџети. На овој начин ние сите ќе придонесеме за зајакнување на демократските, партиципативните и отворените општества во нашиот заеднички регион и ќе инвестираме во долготраен развој на нашиот општествен и културен капитал.

Важен комуникациски елемент беше поставката или методот според кој беше организиран самиот настан, кој беше формулиран како контра-конференција, односно како настан кој ќе создаде простор за поинаква и неформална-формална комуникација, за разлика од конференциите кои се прифатени како еден од главните модели на комуницирање во јавноста.

Програмата на Номад Танц застапува беше следната:

**8 ноември (четврток);** Младински културен центар (МКЦ)

::: 10.00 Кафе и закуска

::: 10.30 - 10.45 Поздравен говор

- Кус вовед за Номад Танц Академија и мотивите и целите на настанот;

-Г. Аиво Орав, Шеф на Делагацијата на Европската унија во Р. Македонија
::: 11.00 Посета на Номад „катчињата“
>>> „Катчињата“се поставени во самиот простор и се организирани од страна на луѓето од Номад и уметниците. Во нив ќе се презентираат различни аспекти од работата на Номад, како и идеи и модели на работа и комуникација преку уметнички средства;
-*„Катчиња“*:
Мапирање>> Ива Нерина Сибила
Утописко катче>> Гизела Мулер
Собрани приказни од Mi(s)s(ed)Fortune >> Нина Јан
Преведувачки движења>> Елма Селман
Случајна контрола>> Еста Матковиќ
Видео катче>> Номад Танц Академија
::: 12.30 Заеднички час>> час со Дејан Срхој
::: 13.30 Ручек на самата локација каде што се одржува фестивалот и можност за запознавање со луѓето, мала дискусија и неформални разговори.../ Ручекот е подготвен од уметникот Клемен Косир
::: 15.00 Дискусии/ Тркалезни маси:
> Детали за тоа кои сме и што направивме/правиме;
> Идентификување на најзначајните теми и области за можна соработка;
> Соработка без еден лидер; На кое ниво регионалната соработка би можела да функционира; Дали сме ние партнери; Како работиме заедно; Како да создадеме таков простор?;
> Дали имаме заеднички цели?
Модератори: (од) Номад Танц Академија
::: 16.30 - 17.30 Извештаи
::: 18.00 - 19.30 Вечера на самата локација каде што се одржува фестивалот/ Подготвена од уметникот Клемен Косир
::: 20.00 Посета на LocoMotion – Фестивал за современ танц и перформанс „Фестивал за 2600 евра“

**9 ноември (петок);** Локација: Младински културен центар (МКЦ)
::: 09.30 Прошетка низ градот
::: 11.00 Покана до гостите за перформансот „Министерство за движење“
::: 12.30 Утрински состанок и размена помеѓу уметниците и гостите
Какви се впечатоците? Што може да се направи? Како?
::: 13.30 Ручек на самата локација каде што се одржува фестивалот/ Подготвен од уметникот Клемен Косир
::: 15.00 Temporaries - дискусија - уметници и гости: нашата иднина
::: 16.00- 18.00 Финална дискусија
Цели и стратегија за тоа како да ги постигнеме целите
::: 18.00- 19.30 Вечера на самата локација каде што се одржува фестивалот/ Подготвена од уметникот Клемен Косир
::: 20.00 Посета на LocoMotion– Фестивал за современ танц и перформанс „Фестивал за 2600 евра“

**Група за застапување (во рамки на Номад Танц Академија):** Маријана Цветковиќ Марковиќ, Кристина Кујунџиќ, Биљана Тануровска-Ќулавковски

**Координација:** Биљана Тануровска-Ќулавковски, Виолета Качакова, Катарина Тоциноски, Јана Ацевска
**Група за програмирање (на настанот) (во рамки на Номад Танц Академија):** Дејан Срхој, Гизела Мулер, Тамара Цуриќ, Маријана Цветковиќ Марковиќ, Драгана Алфиревиќ, Биљана Тануровска-Ќулавковски
**Уредување на просторот на настанот:** Игор Тошевски

Настанот се отвори со кратко и формално обраќање на Амбасадор на Европската Унија во Р. Македонија Г-дин Аиво Орав и дел од тимот на Номад Танц Академија – Биљана Тануровска Ќулавковски, Маријана Цветковиќ Марковиќ, Дејан Срхој и Гисела Мулер.
Настанот подразбираше креирање на еден отворен, слободен простор за дискусија и взаемно информирање/споделување на професионалните искуства помеѓу претставниците на уметничкиот независен сектор и креаторите на културни политики. Воспоставените формати на комуникација како серија на кратки перформанси и презентации, работа во групи, отворени дискусии..., имаа за цел: да направат анализа на тековната состојба во доменот на современите изведувачки уметности на локално ниво во секоја од земјите партнери на мрежата, како и во земјите од кои имаше претставници (на пр. Франција и Францускота министерство за култура и комуникација); да овозможат дискусија за потребите и недостатоците присутни во поголемиот број на земјите од Балканскиот регион; претставување на одредени механизми за развој на оваа уметничка дисциплина во земјите во кои постојат; анализа на можните модели на воспоставување континуирана комуникација помеѓу креаторите на културни политики и независниот сектор и вклучување на независниот сектор со своите професионални искуства како значајна засегната страна во процесите на креирање на локални културни политики, и заедничко промислување на можна регионална стратегија за развој на современите изведувачки уметности.
Заклучоци/Препораки:
На последната сесија се предложија идеи од кои ќе се формираат најургентни стратегии и тактики на НОМАД танц академија и тоа во следните правци:
*Застапување:*
Да се продолжи со јавно застапување, со активности на регионално и национално ниво, да се искористи импулсот и знаењето генерирано од овој проект и да се работи на следните насоки. Тоа ќе вклучи меѓу другите акции: синхронизирани кампањи и активности кон локалните и националните власти со цел да се даде можност да работат заедно; да се создаде онлајн платформа базирана на МАПАПП (MAPAPP) визијата; да се реплицира идејата на Министерство за движење како алатка за подигање на видливост; да се дознае кои се потенцијалните застапувачи на идеите и да мобилизираат; да се зборува со претставниците на локалните власти во секоја идна прилика; да се создаде „лифт пичинг“ (*elevator pitching*) 1 мин. „Зошто треба да работиме заедно на регионално ниво за современиот танц?“; да се подобрат комуникациските вештини.
*Финансирање*:
Потребно е да се формира (формулира) предлог за јасен и едноставен систем на ко-финансирање на регионално ниво, како и долгорочно планирање.
*Едукација на јавната администрација:*

Инертноста и недостатокот на едукација на јавните администратори кои се вработени во културата и уметноста е дијагностициран како главен проблем. Потребно е да се развие едукативен програм за администратори и културни работилници.

<u>*Културно контактни точки:*</u>

ККТ канцелариите во регионот постојат како добар модел на соработка. Да се искористи оваа мрежа, како можен застапувач пред Брисел во некои прилики.

<u>*НТА Едукативен програм:*</u>

Едукативниот програм е препознаен како еден од најиновативните модели во регионот, можеби и во Европа. Потребно е да се искористи погонот за развој на овој програм како посебен од институционалните формални едукативни системи.

***

Како главен заклучок, едногласно сите учесници се изјаснија дека овој настан постигна исклучително високо ниво на комуникација и највисоко ниво на програмско уредување и организација, кои претставуваат база за развој на понатамошни активности кои ќе овозможат подобро структурирана регионална соработка.

### 1.3 ЈАДРО – АСОЦИЈАЦИЈА НА НЕЗАВИСНАТА КУЛТУРНА

Локомотива е еден од иницијаторите и основачите на ЈАДРО – асоцијација на независната културна сцена. Станува збор за непрофитна, инклузивна, партиципативна и застапувачка платформа која се стреми да го зајакне независниот културен сектор и неговото влијание врз креирањето и практикувањето на културните политики, со цел да ги поттикне процесите на демократизација во културата и пошироко, во општеството и во граѓанскиот сектор. ЈАДРО има за цел да воспостави дијалог и партнерска соработка со националните и локални институции на културата како и со останатите сродни сектори (едукација, европски интеграции, меѓународна соработка, млади, човекови права) со цел подобрување на условите за работа на граѓанскиот сектор во доменот на културата и учество во процесите на донесување одлуки и креирање политики. ЈАДРО активно учествуваше во дискусиите и јавната дебата со Министерство за култура по повод изработка на првата Национална стратегија за култура во Р.Македонија за периодот 2013-2017.

Два од членовите на Локомотива се активно вклучени во работата на мрежата – Биљана Тануровска Ќулавковски е во Управниот Одбор, а Виолета Качакова во Надзорниот Одбор. И двете се волонтерски на овие позиции и сметаат дека ваквиот влог е важен на долгорочно ниво за промена на состојбите во кои работи граѓанскиот сектор во културата во Р.Македонија

Изминати активности на Јадро:

- Од 2008 организациите (подоцна иницијатори на НКС/ЈАДРО) се дел од дискусионата група при ФОРУМОТ за развој на граѓанскиот сектор во Град Скопје
- И покрај учеството на овие организации во дискусии и иницирање на соработка, за жал значајна соработка со градот не успеа да се оствари. Поради тоа организациите кои партиципираа во Дикскусионата група ја формираа Независната Културна Сцена (НКС) како самостоен, неформален субјект преку кои ќе продолжат да се залагаат за потребите на граѓанскиот сектор активен во доменот на културата;
- 23-24 октомври 2009, НКС ја организираше конференцијата: *Exit Europe* Скопје
- 13-14 јануари 2010, една од организациите ја организираше работилницата за Структурна поддршка – модел за прогресина култура, каде претставниците на НКС

активно земаа учество и партиципираа во градење на предлог за стратегија за финансирање на културата на национално ниво.

- 2011, се аплицираше и доби поддршка од Швајцарската програма за култура за развој на национална мрежа на независната културна сцена
- 2012, креирање на ЈАДРО како Асоцијација на независната културна сцена во Македонија и нејзина формално-правна регистрација
- 2012, ЈАДРО организираше работилница за членовите на мрежата
- 2012, ЈАДРО учествуваше во коментирање и дебатирање за Стратегија за култура 2013 – 2017 на Р. Македонија

### 1.4 КООПЕРАТИВА - Регионална мрежа за застапување на потребите на независниот културен сектор од регионот на Балканот

Локомотива е еден од основачите на регионалната мрежа Кооператива-регионална мрежа за култура со седиште во Загреб.
Мисијата на оваа мрежа е да создаде долгорочна и одржлива рамка за соработка и развој на независните културни организации во регионот на Југоисточна – Европа/Балкан.
Визијата е да ги збогатува и негува современите и новите уметнички практики, динамичниот и влијателниот критички-јавен-дијалог и ефикасните иновативни организациски модели на културниот сектор во регионот на Југоисточна Европа/Балкан.
Кооператива се формираше во 2012 г. и ги воспоставува рамките на своето делување. Таа е уникатен пример за солидарност, и соработка во овој регион.
Специфичните насоки кои ја конституираат уникатноста на овој проект и вредностите на Кооператива се: не-централизирано програмско уредување со партиципативен начин на одлучување, интензивна соработка преку „peer-to-peer“ - проект базирана соработка и размена, отворена структура на организација која овозможува еднаквост во пристапот и само-регулација; програмска, организациска и политичка независност; трансрегионален опсег и разноликост на организации и содржини.
Мрежата во овој момент работи на fundraising, и на формулирање на нејзините програмски целини. Активностите во кои Локомотива како ко-основач учествува се состаноци на ко-основачите, состаноци за селекција на проекти и програми за развој на капацитети.

### 1.5 КОНФЕРЕНЦИЈА: "КАКО ДА СЕ УРЕДАТ НЕШТАТА СО ОКОЛНОСТИТЕ"

(Културни политики и реформи во современите изведувачки уметности-соврмен танц и театар)
Скопје, Младински културен центар 16-ти јуни, 2012)

"*КАКО ДА СЕ УРЕДАТ НЕШТАТА СО ОКОЛНОСТИТЕ*" –Конференција за изведувачките уметности, мобилност, одлив на мозоци и заминување од сцената на земјите од поранешна Југославија
Конференцијата *"Како да се уредат нештата со околностите?"* е дел од проект кој се занимава со анализирање на проблемите и условите на сцената на изведувачките уметности во две поранешни југословенски републики (Србија и Македонија) во чии рамки се организираа два последователни настани.

Проектот се занимава со културната политика и нејзините ефекти на работните услови, потреби, постоечки потенцијали, структури на финансирање, како и нејзиниот ефект на (присилната или доброволна) мобилност на изведувачките уметници, и vice versa, со ефектот на овој специфичен тип на (присилна) мобилност на локалната сцена

Првиот настан се одржа во Нови Сад во форма на симпозиум во организација на Пер Арт, и на него земаа учество српски изведувачки уметници, теоретичари, истражувачи во областа кои доаѓаат од странство, како и учесници кои (се уште) живеат и работат во Србија (Кањижа, Суботица, Белград, Нови Сад).
Вториот настан во форма на конференција, се одржа во Скопје на 16-ти јуни (Младински културен центар), на која земаа учество доктори по театрологија, филозофски и културолошки науки, магистри по менаџмент во култура и културни политки, кореографи, танчери, програмски уредници на едукативни програми за современ танц, театарски продуценти и режисери од Македонија, Србија и Германија.

Тематскиот концепт и програма на конференцијата во Скопје ја припремија Биљана Тануровска–Ќулавковски и Искра Шукарова (Локомотива, Скопје).
Конференцијата беше организирана од Локомотива во соработка со Ксенија Чочкова, алумна на Фондацијата Роберт Бош. Реализацијата на оваа конференција беше финансиски поддржана од Гете Институт и Фондацијата Роберт Бош (Србија), од здружението Друштво за македонско-германско пријателство и соработка, Скопје (Македонија) а се реализираше со пријателска поддршка на Гете-Институт, Панелистите на конференцијата беа: *Сенка Анастасова*-доктор по филозофски науки, доцент по основи на културните студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје; *Доц.Д–р Иванка Апостолова*-вработена како раководител на одделот за Студии на култура ( постдипломски студии), на Институтот Евро Балкан, Скопје; *Русе Арсов*-продуцент, основач на организацијата Центар за Драмски Уметности ( ДУТ - Хаус, работи и во јавната институција Младински културен центар; *Марија Зафирова*-театарски продуцент од Скопје и основач на независниот театар, ТЕАТРА; *Соња Здравкова–Џепаровска*-доктор по театрологија, доцент на академските програми за балетска педагогија и современ танц на Факултетот за музичка уметност при универзитетот „Кирил и Методиј", Скопје; *Драгана Заревска*-визуелен и изведувачки уметник, Магистар на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при универзитетот „Св. Кирил и Методиј"; *Хана Маркварт*-менаџер на програмата Роберт Бош; *Гизела Мулер*-одговорна за уметничката и образовна програма на Берлинскат а школа *Tanzfabrik* и директор на *Dance Intensive programme*; *Софија Ристевска*-дипломиран режисер и М-р по сценски дизајн, самостојно работи во Битола и е дел независна театарска сцена; *Маријана Савовска*-танчерка, кореограф, работи и 4 живее во Германија; *Биљана Тануровска Ќулавковски*-М-р по менаџмент во култура и културна политика, ко-основач, менаџер и куратор Локомотива-центар за нови иницијативи во уметноста и културата; *Маријана Цветковиќ–Марковиќ*-М-р по менаџмент и културна политика, ко-основачи менаџер на Станица–сервис за современ танц, *Искра Шукарова*-кореограф и доцент М-р на академските програми за балетска педагогија и современ танц на Факултетот за музичка уметност при универзитетот„Кирил и Методиј", Скопје. Во дискусиите на конференцијата земаа учество уште триесетина актери од сцената. Забелешките ги водеше Милка Ивановска дипломиран политиколог, соработник на Локомотива во неколку проекти за современ

танц. Во извештајот најнапред се зборува за развојот и состојбата на независната современа танцова и театарска сцена; се заговара партиципативност на актерите на сцената во креирањето на културни политики; се предлагаат нови институционални модели наспроти застарените институционални решенија; се зборува за мобилноста и одливот на кадри, се предлагаат инструменти како да се поддржат истражувањата во областите, и како да се стимулира развојот на теоријата; се разгледуваат системските решенија кои би следеле после понуденото образование, пред се однесувајќи се на типот на работна понуда и условите за работа. Целта на конференцијата беше да се анализираат социо-политичката состојба, условите и потребите во полето на современите изведувачки умености во Македонија како и да се преиспита културната политика која во моментов е ориентирана кон ад хок решенија (еден пример за тоа е последната одлука на министерката за култура за поддршка на приватниот центар Интерарт со тригодишен грант без подлабока анализа на потребните приоритети на сцената. Ова претставува ад хок решение за воведување на долгорочен грант за потребите на само еден субјект од сцената), конзервативно и конвенционалното толкување, формулирање и градење на изведувачките уметности: современиот танц и театар. Проблемот, пред се, беше лоциран во актуелната културна политика која го поддржува мејнстримот (комерцијална и институционална сцена) како водечка естетика и продукциски процес, а не го препознава современиот израз на релевантен начин, односно недоволно е запознаена со потребите и потенцијалите на оваа уметничка форма. Притоа, дискусијата главно се фокусираше на културните политики за изведувачки уметности и ефектите од овие политики, механизмите и инструментите за поддршка и развој (финансиски, институционални, итн. образовните можности, работните услови и односи, постоечките потенцијали за равој и состојбите со мобилноста како и одливот на кадри од изведувачките уметности во Македонија. На овој настан се споија сцените за современ танц и театар, кои се дел од независната сцена, со цел отварање на дискусија за сличностите и разликите во нивните позиции во културниот систем и културната политика на Р. Македонија. Учесниците на конференцијата го застапуваа барањето за партиципативност во процесите на градење на политики и одлучување, со цел транспарентност во градење на културна политика која ќе ги застапува потребите на сите актери, наспроти е транспарентно наметнување и регулирање на потреби на поединци.
Артикулираните проблеми и потреби на независната сцена за современ танц и театар од оваа конференција се понудени во форма на заклучоци и препораки на Министерството за култура со цел соодветно уредување на културната политика во областа на современите изведувачки уметности.

### 1.6. ИЗДАВАШТВО

Публикација: “THE PRESENT: NOMAD DANCE ACADEMY PUBLICATION 2011/2012”
Публикација на Номад танц академија издадена од Локомотва во 2012г.
Публикацијата можета да ја најдаете на следниот линк:
http://www.lokomotiva.org.mk/Materijali_2013/HTML_2013/Publication_2013.htm

Како издание на НОМАД танц академија (НТА), оваа публикација ги рефлектира позициите и работата на партнерите на НТА во периодот 2011-2012г, ги дава прашањата со кои се соочуваат членовите на НТА во процесот на својата долгогодишна

работа и соработка, како и одговорите на дел од нив преку проектите и активностите кои ги спроведуваат.

Дали е ова крај на минатото какво што го познаваме, или е крај на иднината? Каква иднина? Иднината на комунизмот, иднината на левицата? Иднината на независната уметничка сцена? На проектно ориентираните начини на работење? Иднината на неизбежноста и неповратноста? Иднината на Номад танц академија? Иднината на љубовта?- Се дел од прашањата што го покренаа создавањето на оваа публикација.
Како да се продолжи? Дали да се ангажираме уште повеќе во слабо платена работа, дали да се потврдиме уште повеќе во нашите практики, правејќи ги уште по херметички и недостапни за другите? Дали треба да му дадеме приоритет на профитот над социјалните ефекти? Дали треба да простираме црвени теписи на нашите фестивали и да се преправаме дека се е во ред? Дали треба да продолжиме како досега без да се запрашаме: кога уметноста станува добро во рацете на капитализмот? Дали се уште можеме да се наречеме себе си уметници? Дали да се преправаме дека ништо не се случува? Или да потонеме во заборав?
Што треба да се направи? Одговараме на ова прашање со делување и веруваме дека делувањето продуцира промена, што прави разлика која на сите нам ни е потребна и ја доведува уметноста до состојба на истражување. Уметноста е нешто што може да не однесе над нашите очекувања, и да не натера да го видиме светот како место во кое можеме да ја славиме промената како резултат на уметноста, наместо профитот.
наместо профитот туку промената која нашите уметнички убедувања ја носат.

Во оваа книга ги претставуваме нашите идеи, ставови, дилеми, мисли за минатото и иднината дадени од уметниците, организаторите, авторите, програмските уредници, публиката на Номад танц академија и нашите поканети пријатели во 2011 и 2012 година. Во овие две години, секоја работа на НТА мрежата беше мотивирана од ургентноста на прашањата наведени погоре – што ни е потребно за светот да може да продолжи понатаму? Користевме уметнички рамки како изговор да се справиме со многу поитни прашања.
Наместо да го архивираме минатото, ние се одлучивме на континуирано архивирање на сегашноста. Ете, како и зошто настана оваа книга.

## 2. ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ (УМЕТНОСТ И КУЛТУРА)

платформа за долгорочно учење и развој на професионалните капацитети во полето на уметноста наменета за уметниците, теоретичарите, критичарите на уметноста, социолозите и културните работници од граѓанскиот сектор и членовите на организацијата

### 2.1 НОМАД ТАНЦ АКАДЕМИЈА/JARDIN D'EUROPE (ГРАДИНА НА ЕВРОПА)

НОМАД танц академија е долгорочна едукативна, истражувачка продукциска програма на партнери од Балканскиот регион, која има за цел да ги соедини сите потенцијали и ресурси во современиот танц на национално и регионално ниво со цел да придонесе во развојот и професионализацијата на современиот танц на Балканот.
Номад Танц Академија е мрежа, и програм кој е дел од поширокиот Европски проект наречен *Jardin d'Europe*.

*Jardin d'Europe* е посветен на формирање на одржлива Европска инфраструктура за професионалците, младите танчери, кореографи, танц администратори, танц критичари и истражувачи на културната политика во изведувачките уметности.
Негова главна цел е да поддржи нови идеи и проекти кои ќе бидат главната движечка сила во развојот на новиот танцов пазар низ цела Европа.
Jardin d'Europe е организиран во мрежа на танцови институции од Европа (ArtLink/RO, Bimeras Culture Foundation/TR, CCN Montpellier/FR, Cullberg Ballet/SE, danceWEB/AT, Lokomotiva/MK, Southbank Centre/UK, Station/YU, Ultima Vez/BE, Workshop Foundation/HU).
Главна цел на програмот/проектот: Да ги обезбеди потребните услови – професионализација, нови инструменти на културна политика, едукативен систем и поголема публика – за квалитативен развој на современиот танц во Европа и на Балканот.
Цели:
- Да креира нов модел на соработка во танцовиот сектор во Балканскиот регион и Европа со цел да придонесе во професионализација на секторот на национално ниво;
- Да ги подобри едукативните можности за младите танчери и кореографи;
- Да ги подобри можностите за истражување за танчерите и кореографите со искуство;
- Да ги подобри условите за продукција на нови дела;
- Да го промовира современиот танц како социјално релевантна, инклузивна и интернационална уметничка форма.

Целни групи: млади изведувачки уметници (танчери, кореографи, актери) истакнати кореографи и професионалци во полето на танцот, теоретичари и критичари, историчари на уметноста, културни продуценти и менаџери во културата, образовни институции во полето на културата, национални и локални носачи на одлуки и креатори на политики во полето на културата, и.т.н.
Номад танц академија е модел на културна продукција и регионална соработка. Овој модел може да биде мултиплициран и употребен во други уметнички дисциплини кои бараат професионализација, стаданрдизација и развој во уметничкиот домен. Номад Танц Академија е долгорочен проект фокусиран на три главни програми: едукација, истражувачки програм, и програма за видливост и препознавање на уметничките форми. Проектот е инициран од Балканската танцова мрежа (Balkan Dance Network), со цел да се подобри соработката и да се искористат сите потенцијали во полето на современиот танц во регионот. Од 2008 година Номад танц акдемија е дел од Европскиот проект Градина на Европа.
Поддржувачи на програмата во 2007-2013: Номад танц академија (Швајцарска програма за култура во Западен Балкан, Прохелвеција, Шведски Институт, КултурКонтакт, Европска Културна Фондација, Министерствата за култура на Република Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Град Скопје и Град Белград)
Поддржувачи на програмата во 2008-2013: Градина на Европа за Номад ко-организатори – Локомотива, Скопје и Станица, Белград (Програмата Култура 2007-2013 на ЕУ, Европска културна фондација, Швајцарска програма за култура во Западен Балкан, Министерствата за култура на Република Македонија и Република Србија)

**Активности на НТА/Градина на Европа реализирани во 2012 г.**

1. **“Concerto for three bodies”, современо танцово дело реализирано во рамки на Програмксата линија за ко-продукции**

Автори и изведувачи: Јована Ракиќ-Киселиќ (Србија), Александар Георгиев (Македонија/Бугарија), Азра Ибрахимовиќ (Хрвтска)
Драматург: Рок Вевар
Копродукција помеѓу: Локомотива-Македонија, Станица-Србија, О.Н.Е-Хрватска и Плесни театар-Словенија.
Делото беше номинирано како дел од селекцијата за наградата Prix Jardin d'Europe 2012
Премиерно беше поставно на сцената на Плесни театар во Љубаљана, на 12 април.
Повеќе инфомрации за делото:
http://www.jardindeurope.eu/index.php?id=25&detail=396

2. **Претставување на проектот Градина на Европа на Инфо денот за Програмата Култура 2007-2013 на ЕУ, организиран од страна на ККТ од Истанбул**

Инфо денот беше организиран од Хале Урал, програмски координатор на Културно контактната точка (ККТ) од Истанбул-дел од Министерството за култура и туризам на Турција. Инфо денот се одржа на 19 јуни во Истанбул, во Музејот на модерна уметност.
Целта на овој инфо ден е размена на информации и можности за партнерствата помеѓу културните оператори заинтересирани за соработка во рамки на европски проекти кои би биле поддржани од програмта Култура 2007-2013, како и презентација на успешни проекти финасирани во рамки на оваа програма. Во рамки на настанот се претставија можностите за финансирање за следниот повик на апликации и се дадоа насоки и препораки за тоа како да се поднесат квалитетни апликации.
Г-ѓа Ен Бранч-Раководител на одделение “Culture Programme & Actions”во Европската Комисија, направија презентација на „Креативна Европа“-Програма 2014-2020, додека г-ѓа Барбара Геслер -Раководител на одделот за култура при ЕАЦЕА, ја презентираше целта/основните правила и резултатите од селекцијата на проекти од делот 1 (повеќегодишни проекти), од Програмата Култура 2007-2013.
Виолета Качакова од Локомотив го претстави проектот Градина на Европа/Номад Танц Академија како еден од најуспешните проекти поддржани од програмата.

3. **Градина на Европа, *WILD CARD*** - Програмска линија за резиденции, професионален престој, истражување наменета за кореографи во развој и администратори во полето на соврмениот танц

Во рамки на оваа програмска линија Локомотива овозможи професионален престој за две лица, и тоа уметничка резиденција за Кристофер Хатчингс, млад кореограф и професионален танчер од Лондон, Англија во Загреб и учество на Ајдин Силиер, менаџер и уметнички директор на *Bimeras Cultural Foundation* од Истанбул, Турција на Номад танц застапува настанот во Скопје.

<u>А) Резиденција за Кристофер Хатчингс во Загреб, Тала данс центар (23 април – 6 мај)</u>
Оваа резиденција се овозможи како соработка помеѓу партнерите на Градина на Европа, Локомотива, Скопје *и Southbank Centre*, Лондон.

Кристофер Хатчингс имаше можност да престојува во Загреб, каде како домаќин организација беше партнерот од Номад танц академија – Тала данс центар од Загреб. Во периодот на својот престој во Загреб (23 април – 6 мај) Кристофер имаше можност да го користи студиото на Тала данс центар, и да реализира серија на работилници од отворен тип во рамки на 12-тото издание на Платофрмата за млади кореографи (Platforma.HR - http://www.tala.hr/hr/platforma.hr/home-platforma-hr.html).

Б) Професионален престој за Ајдин Силиер во Скопје, Локомотива – Номад танц застапува (8, 9 ноември)
Ајдин Силиер е менаџер и уметнички директор на *Bimeras Cultural Foundation* од Истанбул, организација партнер во Градина на Европа. Ајдин Силиер имаше можност подетално да биде запознаен со работата на мрежата на Номад танц академија и контекстот на работа на совրменатa танцова сцена на Балканот со неговото учество на настанот од застапувачки карактер - НОМАД ТАНЦ ЗАСТАПУВА (Скопје, МКЦ 8/9 Ноември 2012г.). Тој исто така зема активно учество во дискусиите, работните групи, анализите на состојбите, како и во изработката на препораки за креаторите на културните политики. Уште повеќе, тој имаше можност да ги презентира состојбите на сцената на современиот танц и културните политики кои влијаат на нејзиниот равој во Турција.

### 2.2 ЛОКОМОУШН - ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ И ПЕРФОРМАНС

**Фестивалот за современ танц и перформанс *Локомоушн*** има за цел да ги презентира најновите остварувања во доменот на современите изведувачки уметности (современ танц, перформанс, театар) во Европа, регионот и Македонија, и да отвори дискурс за позицијата на оваа современа уметничка форма во Европа и кај нас.
*Главната цел* е преку прикажување на најнови авторски остварувања да се одбележат новите тенденции на европската, регионалната и македонската сцена и да се прикажат новите иновативни уметнички тенденции и истражувања кои преку овој фестивал ќе ја позиционираат Македонија, на светската карта на современите изведувачки или перформативни уметности како и да овозможиме следење на регионалната и интернационалната сцена.
Иновативноста и интердисциплинарниот пристап во развојот на Локомоушн овозможуваат воведување на нови модели на курирање, креирање на програмските содржини и соработка помеѓу ралични културни актери и професионалци од полето на современтите изведувачки и сродни дисциплини.
Фестивалот е замислен, не само како презентација, туку и како проширување на границите на современите изведувачки уметности (современ танц, перформанс, театар на тело, пост драмски – театарски перформанс, музички и визуелен перфроманс) преку програми како *работилници, дебати и дискусии* кои би развиле различни дискурси за позицијата на оваа уметност во европски, регионални и локални рамки. Локомоушн со своите програмски содржини влијае на професионалците во Македонија поинтензивно да се инволвираат во развојот на современите изведувачки или перформативни уметности на национално ниво. Исто така, со овој проект се подржува развојот на локалната сцена, и се отвора можност за контекстуализација на развојот на современиот танц во пошироки регионални рамки, а со тоа овозможува и поголема видливост на Македонската современа уметничка сцена и во интернационални рамки.

Фестивалот настана како иницијатива на Локомотива, и во партнерство со шест организации од регионот основачи на Балканската танцова мрежа и проектот НОМАД танц академија. Идејата беше да се воспостават неколку фестивали во регионот со што ќе отворат простори каде ќе може да се продуцира, гледа современа изведувачка уметност, простори кои не постојат, и треба да се создадат. Покрај Локомоушн, се основаа и фестивалите: Конденз во Белград, Зврк во Сараево, Антистатик во Софија и Плескавица во Љубљана.

Секое издание на Локомоушн има поднаслов за да го одбележи мотото на фестивалот. Во првото, целта беше да се мотивира публиката да дојде во театар да види што е современ танц, а во второто се потенцираа разните значења на танцот како движење, со што ќе се едуцира публиката за значењето на современата изведувачка уметност.

Затоа и првото и второто издание носеа различни теми - слогани на фестивалот – и тоа: Мрдни се! и Движењето како значење, Танцово тело.

Ова е со цел да се едуцира публиката за современата танцова уметност, односно фестивалот да не биде само „витрина''- туку да има свој концепт и значење – кое ќе допринесе во развој на културните потреби и едукација на публиката.

Третиот фестивал во 2010 го носи насловот Простор за дијалог. Ова мото е со цел да се предложи дијалог на повеќе рамништа, а едно од нив и приоритетно е со креаторите на културна политика кои сеуште во своите програми оваа форма ја сврстуваат во балетска уметност и не даваат простор на младите автори да творат, да ги претставуваат своите дела овде и пошироко во регионот.

Секое мото има своја функција, односно да пренесе одредена порака со што ќе ја истакне улогата на уметноста во негување или градење на општествени вредности и културен развој. Локомотива, со овој фестивал во првите три години (2008, 2009, 2010) беше поддржана преку проектот Jardin d'Europe кој е поддржан во Програмата на ЕУ, Култура 2007-2013.

Четвртото издание на фестивалот во 2011 година се реализираше заедно со фестивалот Конденз од Белград.

Тргнувајќи од позицијата дека на фестивалите може да се гледа како на простори што се појавуваат и исчезнуваат, сфативме дека денес уметниците патуваат низ целиот свет презентирајќи ја својата работа, без можност да влијаат на локалните контексти, да бидат дел од размената, да (на-) учат, или пак да стекнат некое искуство. Оттука, во неолибералниот капитализам фестивалите станаа маркетиншки простор за уметничките дела, во коишто недостасува социјално, едукативно, развојно, разменувачко генерирање на знаењето или логиката на интервенција во контекстот. Токму затоа, во 2011 најголемиот дел од програмата беше посветена на овие недостатоци. Решивме да ги поврземе овие два фестивали и да отвориме поголем простор за комуникација со публиката со тоа што нудиме програма во која границите на авторитетите, просторот, публиката, изведувачите, селекторите, територијата и фестивалот се доведени во прашање.

Конденз и Локомоушн заеднички работеа на развивање на дел од програмата, делејќи ги кураторските и организациските обврски, а во соработка со организацијата *Hybris Kunstproduktion* од Шведска ја развија „Кураторската програма".

„Кураторскиот програм" е развиен од предлозите на учесниците, уметниците, теоретичарите и организаторите, кои се дел од областа на современите изведувачки уметности во Македонија, Србија, Словенија, Романија, Шведска, Франција, Швајцарија...

Кураторскиот програм е развиен со помош на една поразлична фестивалска методологија, односно, наместо селектирање на перформансите од страна на самите селектори или уредувачи на програмата, учесниците беа поканети од страна на кураторите. Поканетите учесници ја предлагаат и ја ко-уредуваат програмата заедно со кураторскиот тим, донесувајќи различен пристап кон работата, различна креативност, знаење, естетика итн., и притоа се присутни за цело време додека трае фестивалот и Кураторскиот програм.
Идејата беше да се сретнат со публиката со цел заеднички да се обидат да ги ре-изградат фестивалските простори, и да поминат некое време заедно презентирајќи ги своите интереси и знаења, разменувајќи информации и споделувајќи ги истите, учејќи за разликите и сличностите на разните методологии на креирање контекстуални услови и логика.

**<u>Локомоушн 2012</u>**
*ЛОКОМОУШН 2012- Фестивал за 2600 евра, 8 и 9 ноември, Младински Културен Центар, Скопје*
Петтото издание на *Локомоушн* се оддржа во Скопје, Младински културен центар, на 8 и 9 ноември 2012 година, паралелно со настанот Номад танц застапува. Ова овозможи да се зголеми видливоста на самиот фестивал како и бројноста на публиката која ја проследи овдогодишната селекција. Фестивалот го проследија поканетите гости од Европа, партнери на мрежата на Номад танц академија, претставници на Министерства за култура од Балканскиот регион и Европа, како и претставници на професионални институции и мрежи за танц и претставници на регионални програми за култура. Исто така, фестивалот беше посетен од домашната публика, која броеше околу 80-тина гости по претстава.

Тимот на продукција на фестивалот се состоеше од:
Програмски уредници: Искра Шукарова и Биљана Тануровска-Ќулавковски
Координатори на програмата: Биљана Тануровска-Ќулавковски и Искра Шукарова
Координација на фестивалот: Виолета Качакова и Катарина Тоциноски
Комуникации и односи со јавноста: Јана Ацевска
Координатор на техника: Кире Миладиноски
Волонтери: Викторија Илијоска и Елена Ристеска

Ова издание на фестивалот се реализираше единствено со финасиска поддршка од јавни средства во вкупен износ од 160.000,00 мкд (100.000,00 од Министерство за култура и 60.000 од град Скопје). Оттаму Локомоушн 5, е фестивал на солидарност кој во фокусот ги имаше регионалните и домашни продукции на автори – кореографи и танчери кои со минимален надомест прифатија да го подржат и да бидат дел од ова издание на фестивалот, со цел да се одржи неговиот континуитет и негувањето на новите форми на танц и пефромас во Македонија.
Оттаму, Локомоушн 5 како поднаслов имаше: Фестивал за 2.600,00 евра.
Овој Локомоушн прашува: Зошто некои автори да бидат платени за своите дела а некои не?
Дали се смалува просторот каде што може да се твори, да се прикажува современата уметност? Дали треба да се ангажираме во неплатени работи за да го одржиме тој простор кога гледаме дека оние кои творат во другите простори се добро платени за

своите дела? Зошто автор на скулптура во Скопје може да биде добро платен за своето дело, а автор на современа танцова претстава не може да добие средства за свое ново дело, или добива средства со кои не може да продуцира свое дело? Зошто си одат младите автори од Македонија?
Дали треба да ставиме црвен тепих, и да кокетираме со публиката за да можеме да добиеме средства за фестивалот? Дали треба да имаме поинаква реторика?
Дали и зошто и оваа година нема да бидат одговорени, ама прашањата ги поставуваме пред нас со цел да архивираме време, простор и дилеми кои ќе се одговорат во иднина.

**ПРОГРАМА НА ФЕСТИВАЛОТ**
Локомоушн 5 – Фестивал за современ танц и перформанс
Фестивал од 2600 евра, 8 и 9 ноември 2012, Скопје
***8 ноември, 2012/четврток***
МКЦ: 19.30 **Chorégraphie, BABY! Episode 3/ Long Distance Creationship**
На: Селина Лареровиќ, или позната како Селина Лариер и Јана Јевтовиќ
Јавна презентација на Драгана Алфиревиќ
...концептнаперформанспроектмладиуметницикореографпојавување
изведувачкиповиккраенрокистражувањевизуеленразвојдискурстеоретски
практиченпроцесметодологијапрестојкалендарнасловкреацијараспоредјавна
импровизацијаврскателомислафункционирањеконтексткултурнољубопитство
идејаавторбуџетпродукцијакопродукцијасценатеатарполитичкаразменаалатка
учествопроблематичноинтердисциплинарнатрансдисциплинарнасоработка
присуствоподдршкаискуствокореографскамобилност
критикаинтернационалнатранснационалналокалнапрограмафестивалангажираизворип
ерцепција платформаинституцијатранскултуренметод
драматургијаандерграундработилницаалтернативнопишувањепиеса
трансмисијаколективнаархивазанимање…*
***предлог** од ЛАРЕРОВИЌ И ЈЕВТОВИЌ
(Селин Ларeровиќ, ака Селин Ларер, живее во Парис, Франција и Јана Јефтовиќ, вистинската, живее во Монтреал, Канада)

МКЦ: 20.30 **Temporaries**
Автори и изведувачи: Ана Дубљевиќ, Душан Броќиќ, Игор Коруга, Љиљана Тасиќ, Јована Ракиќ Кисечиќ, Марко Милиќ
Драматургија: Ана Вујановиќ
претставата „Temporaries“ од Игор Коруга, Марко Милиќ, Ана Дубљевиќ, Љиљана Тасиќ, Јована Ракиќ млади кореографи од Србија; продукција на *Station Service for contemporary dance* од Белград и *Apap network*. "Temporaries" се занимава со прашањето на современиот танц во општество какво што е Србија, со условите понудени на младите уметници, со нивната времена состојба на уметници, работници, студенти, како со притисокот да ја напуштат и да одат на друго место.

***9 ноември, 2012/петок***
МКЦ: 19.30 **- Kinesthesia 1**
Кореографија и концепт: Искра Шукарова

Музика: Undone Project - Indeed: Ронит Бергман, Дориан Јовановиќ и Филип Митров. Изведувачи: студенти од 2-ра и 3-та година на програмата за современа танцова педагогија при ФМУ: Бистра Делиниколова, Викторија Илиоска, Елена Ристеска, Елизабет Колевска, Стојка Спиридоновска, Олгица Илиева, Марија Андева

МКЦ: 19.45 **- Вежбанка по кореографија за внимание „Точка од која нема враќање“**
Концепт и кореографија: Далија Аќин Теландер
Изведба: Драгана Алфиревиќ

МКЦ: 20.30 **- Transformability**
Концепт/Режија: Вили Прагер во соработка со Соња Преград и Тиан Ротивил
Креација/Изведба: Соња Преград, Тиан Ротивил и Вили Прагер
„Transformability“е претстава работена по филозофски текст од Бојан Манчев, трансформиран во практично, изведбено сценарио од страна на авторот Вили Прагер. Тој преку оваа претстава се обиде да го реформулира оргиналниот текст, употребувајќи ја стратегијата за креирање на музчко сценарио. Прагер ја избира музичката форма, заради темата на текстот - изведувачкото општество на „глобалниот капитализам“– општество кое претендира да зачекори надвор од конвенционалните улоги на агенциите.

МКЦ: 21.30 - **Hot Lollipop**
Автори и изведувачи: Љиљана Тасиќ и Душан Броќиќ
претставата “HOT LOLLIPOP” од Љиљана Тасиќ и Душан Броциќ, млади кореографи од Србија; продукција на Station service for contemporary dance и Cultural center REX, од Србија. HOT LOLLIPOP е танцово шоу кое ја истражува популарната музика како феномен, пред се рокенролот и неговите порадикални форми.

### 2.3 ИЗВЕДУВАЧКИТЕ УМЕТНОСТИ И ТЕЛЕСНИТЕ КУЛТУРИ И ПОЛИТИКИ (ТРИДЕЛЕН АКАДЕМСКИ СЕМИНАР)

Соработка помеѓу ЛОКОМОТИВА-Центарот за нови иницијативи во уметноста и културата и Институтот за општетствени и хуманистички истражувања “Евро-Балкан”. Семинарот беше наменет за постдипломски и дипломски студенти, за професионалци од областа на хуманистиката, театарските, перформативните и визуелните уметности.

ПРВ СЕМИНАР: Изведувачките уметности и/во заедниците (*Performing Arts and/in Community*)
*Мастер клас со д-р Наум Пановски, Фулбрајтов професор, САД*
31.03-01.04.2012 (викенд предавања и групни дискусии)
Овој дел од семинарот ги запозна учесниците со големите движења и модели на современиот театар и перформативните уметности во светот, кои се фокусирани кон ангажираност и промена на општествата и зедниците преку нивните културни/перформативни активности и естетики. Се претставија модели и движења кои радикално ги променија нашите перцепции и рецепции за театарот како креативна уметност, како и нашите дефиниции за ангажираните театарски пракси и разбирањето на нивниот широк општествен контекст. Од Шекспир до Ибзен, Пискатор и Брехт; од San Francisco Mime Troupe, El Teatro Campesino до Bread and Puppet Theatre, овој дел од семинарот ги претстави водечките перформативни идеи кои што ги манифестираат

вкрстувањата помеѓу уметноста, културата и општествените промени.

ВТОР СЕМИНАР: Танцот во векот на движења: Две недвижни предавања
*Мастер клас со Рок Вевар, Теоретичар и критичар на танц, Словенија*
07-08.04 (викенд предавања и групни дискусии)
Семинарот покрај основниот вовед во главните танцови уметнички формации на 20-тиот век, се фокусираше на две интересни поглавја од дваесетиот век. Првата приказна со наслов: **»Ausdrucktanz and the Forms of Body Culture in the Weimar Republic and Beyond«** која понуди приказ на културните и политичките позадини кои го осветлуваат развојот на Германскиот експресионистички танц помеѓу 1914 и 1928, како и неговиот врв за време на Веимарската Република во 1920-те и неговата кратка љубовна врска со Третиот Рајх, како и некои примери од таканаречената »degenerate art« и уметниците (entarteteKunst – истоимена изложба отворенаод Нацистите во Минхен 1937) од 1920-те и 1930-те. Втората приказна **»(Post)modern dance and American Art of 1960s«** која се фокусираше на групата уметници што Сузан Сонтаг ги нарече 'нео-дишамповски кореографи', кои започнаа да работат заедно после посетата на работилницата на Роберт Дун за музичка/танцова композиција во студиоата на Merce Cunningham во New York City од 1960-62.

ТРЕТ СЕМИНАР: Геометриски алатки за генерирање на движење
*Мастер клас со Проф. Искра Шукарова, Танчерка и кореографка, Македонија*

## 2.4 СОРАБОТКА СО ФЕСТИВАЛИ И ПРОГРАМИ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

Соработка со градот Дижон во рамки на фестивалите Диес и *Fenêtres Sur Courts*
Културната соработка е важен аспект на програмската размена помеѓу збратимените градовите Дижон и Скопје. Во овој контекст, од 2011 Локомотива како организација со значајна улога во креацијата и дисеменацијата на современата уметничка продукција во Македонија, е партнер кој соработува со градот Дижон.

1. Соработка со мултимедијалнот фестивал Диес - http://www.festivaldiese.com/

Соработката се состои од предлог и селекција на македонска современа уметничка продукција која би се прикажала во рамки фестивалот. Во 2012, програмата предложена од Локомотива опфати:
*3 јули - Прикажување на омнибусот «Скопје Ремикс»*
Скопје Ремикс опфаќа 9 современи и урбани приказни, видувања на градот Скопје од 10 млади македонски режисери. Филмот е реализиран во 2012г. во продукција на Ново македонско видео. Гости режисери кои го претставија филмот беа Саша Станишиќ и Борјан Зафировски.
*3 јули – Концерт на македонскиот музичку бенд Кантон 6*

2. Соработка во рамки на фестивалот за краток филм *Fenêtres Sur Courts*- https://www.facebook.com/Fenetres.Sur.Courts:

*9 ноември*, Селекција на современа македонска продукција од кратки, документарни и анимирани филмови од млади македонски режисери. Селекцијата е направена од Виолета Качакова (Локомотива). Оваа програма се организира во соработка со *Hélène BERNARD* од аосцијацијата *les Amis de l'Eldo*.